Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СПОНЗОРСТВА 2022 ГОДИНА

Врз основа на член 170 став (5) од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 83/13, 164/13. 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16 и 37/16 и 20/19) и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19, 153/19, 180/19, 275/19, 77/21, 122/21, 178/21, 150/22 и 236/22), здравствените работници, односно здравствените соработници од физички или правни лица може да примат донација и спонзорство заради учество на стручни собири, семинари, работилници и сл., со цел за дополнително оспособување и усовршување, врз основа на претходна добиена согласност од Министерство за здравство.

Врз основа на податоците од регистарот за 2022 година вкупниот број на пристигнати барања за добивање согласност се **537** од кои:

1. Имаат добиено согласност **532 баратели**.
2. **2 баратели** имаат добиено известување дека не е потребно да достават барања за спонзорства за добивање согласност за спонзоства и донации, поради тоа што нивните барања не подлежат согласно член 170 став 3 и член 15 точка 7 и 8 од Законот за здравствена заштита.
3. **1 барател се откажал**, (финансисктите средства не се искористени односно барателот не присуствал на конгрес, семинар или работилница поради оправдани причини)**.**
4. **2 барања се повторуваат** односно два пати се архивирани со различни броеви.
5. Вкупниот износ на одобрените спонзорства и донации изнесува **18.597.088,00 денари.**
6. Намената за кои се дадени спонзорствата и донациите се заради учество на конгреси, стручни собири, семинари, работилници и сл., со цел за дополнително оспособување и усовршување.


Министерство за здравствона
Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112500
www.zdravstvo.gov.mk